Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следново:

## СООПШТЕНИЕ

**Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран плански опфат од утврдениот Нацрт УПС Кучково, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:**

### Повторна Јавна анкета и Јавна презентација

по утврден Нацрт за Урбанистички план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров – Скопје

Планот е со површина од 289,5ха а границите на планскиот офат се детално опишани и објавени на веб сајтот на Општината www.opstinagpetrov.gov.mk.

Нацртот за Урбанистички план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров – Скопје, е утврден со Одлука на Советот на Општината со број 07-96/13, донесена на 21.01.2014 година.

- Повторната Јавна анкета и Јавна презентација се спроведува поради промени во планот од поголем обем, промена на регулација и промена односно ѕиземање од границите на планскиот опфат на катастарските парцели со намена шуми и пасишта кои по различни основи не се пренаменети во градежно земјиште .
- Овие катастарските парцели кои се ѕиземени од планот ќе бидат објавени на веб сајтот на Општината www.opstinagpetrov.gov.mk
- Планот ќе биде изложен во просториите на МЗ Кучково, во период од 10 работни дена.
- Повторната Јавна анкета ќе трае од 07.11.2016 до 18.11.2016 – 10 работни дека, сметано од објавата во Јавните гласнила „Вест“ и „Утрински весник“, секој работен ден од 10.00 – 18.00 часот. Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општината www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавната презентација за претставниците на јавните претпријатија по Нацртот на Урбанистички план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров – Скопје, ќе се одржи на 14.11.2016 (понеделник) во 13.00 часот, во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање при Општина Ѓорче Петров.

- Јавната презентација на планот за заинтересираните граѓани ќе се одржи на 14.11.2016 (понеделник) во 15.00 часот, во просториите на МЗ Кучково.

Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на МЗ Кучково. Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 09-3332/2**
**од 03.11.2016 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**